

ИЗДАНИЕ БР.48,
МЕСЕЦ ЈУНИ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА УЛ. ЛИЧКА ЗАПОЧНА ПОСТАВУВАЊЕТО НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД Л280М И Д300. ОВА Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗА 2023 ГОДИНА. СО ОВА СЕ РЕШАВА ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ НА ГРАЃАНИТЕ ОД УЛ. БИГЛА И ОСТАНАТИТЕ СПОРЕДНИ УЛИЦИ.





ПРОЧИСТУВАЊЕ,ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО АТАРОТ НА СЕЛО БЕГНИШТЕ, ВО ДОЛЖИНА ОД 4000МЕТРИ.
ОВА Е ПО ДОГОВОР ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, А ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ.



ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ НА УЛИЦИТЕ ДИМЕ ПОЦЕВ, ДОНЕ ПОПОВ И ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ, КОИ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ВОЗИЛАТА И ЌЕ ГО ЗАШТИТАТ ПОСТОЕЧКИОТ ПАТ ОД ОДРОНИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ НА ПРОМОЦИЈА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ГРАДОТ ВАИЗ, АВСТРИЈА. ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДЕМОНСТРАЦИЈА НА НОВА ЕКОЛОШКА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА МОДУЛАРНА ВЕТЕРНА ТУРБИНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ТУРБИНА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ИНТЕГРИРА ВО ПОСТОЕЧКИОТ СИСТЕМ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ОСТВАРЕНИ СЕ КОНТАКТИ СО ПРОИЗВОДИТЕЛОТ И Е ДОГОВОРЕНА СРЕДБА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ШТО НАШИОТ ГРАД БИ БИЛ ПРВИОТ ВО РЕГИОНОТ КАДЕ ШТО ЌЕ СЕ ИЗВРШИ АНАЛИЗА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИНСТАЛАЦИЈА И БИ СЕ ПОСТАВИЛА ТУРБИНАТА.





МОЈ ОПШТИНАР ВЕЌЕ РАБОТИ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПРИСТАПНОСТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ДО СЕКОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ. ВО ПРВА ФАЗА ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е ДА СЕ СПУШТАТ ТРОТОАРИТЕ НА СИТЕ ЛОКАЦИИ КАДЕ ШТО Е ПОТРЕБНО. ДА СЕ ДИСЛОЦИРААТ БАНДЕРИТЕ КОИ ГО ПОПРЕЧУВААТ ДВИЖЕЊЕТО. ДА СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ТРОТОАРИТЕ НА НЕКОИ ЛОКАЦИИ КАДЕ ШТО ТОА Е ПОТРЕБНО. ПРОЕКТОТ Е ИДЕЈА И ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО СОРАБОТКА СО МОЈ ОПШТИНАР И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.

СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВАА ФАЗА, ПО ШТО ВО ВТОРА Е ПЛАНИРАНА И СОРАБОТКА СО СИТЕ ОСТАНАТИ ИНСТИТУЦИИ, ОДНОСНО ДА СЕ ОВОЗМОЖИ СООДВЕТЕН ПРИСТАП ДО СИТЕ ИНСТИТУЦИИ КАДЕ ШТО НЕ Е ОВОЗМОЖЕНО.

ОТКАКО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ДВЕТЕ ФАЗИ, ПРОЕКТОТ ЌЕ СЕ ЗАОКРУЖИ СО ИЗРАБОТКА НА МАПА НА ГРАДОТ СО ДОСТАПНИ МЕСТА ЗА СИТЕ ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, КОЈА ЌЕ БИДЕ ДОСТАПНА НА ОФИЦИЈАЛНАТА СТРАНА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ПРЕТСТАВНИК ДИПЛ.ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНЖЕНЕР ЗОРАН МЛАДЕНОВСКИ, УЧЕСТВУВАШЕ НА ОБУКА ОРГАНИЗИРАНА ОД СТРАНА НА ВВ ТИКВЕШ НА ТЕМА „КАКО ДА СЕ ОПРЕДЕЛАТ ДАТУМИТЕ ЗА БЕРБА НА ГРОЗЈЕ И КУЛТУРНИТЕ ПРАКТИКИ ВРЗ ОСНОВА НА ПОСАКУВАНИОТ АРОМАТИЧЕН ПРОФИЛ НА ВИНАТА".

НА ОБУКАТА УЧЕСТВО ЗЕМАА И РЕГИОНАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ГРОЗЈЕ И ВИНО И

СО ИСТАТА СЕ ПРИКАЖУВА СОРАБОТКАТА ЗА ПОДОБРО ПРОИЗВОДСТВО НА КВАЛИТЕТНО ГРОЗЈЕ, ВО ГОДИНАТА ВО КОЈА ШТО УСЛОВИТЕ СЕ ЗНАЧИТЕЛНО ОТЕЖНАТИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



СО ПРОБИВАЊЕ НА УЛИЦАТА “25-ТИ МАЈ“ СЕ ОТПОЧНА СО ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД. ПОТПОРНИОТ ЅИД Е СО ДОЛЖИНА ОД 18 МЕТРИ И ВИСИНА ОД 6 МЕТРИ. УЛИЦАТА “25-ТИ МАЈ“ Е ВО ВТОРАТА ФАЗА ОД ПРОБИВАЊЕТО, НА ИСТАТА СЕ ПОСТАВУВА И КОМПЛЕТНА ПОДЗЕМНА ИНСТАЛАЦИЈА, ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА.



СЕ ОДРЖА СЕДМАТА ВОНРЕДНА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





ВО АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО БЕЛГРАД СЕ ОДРЖА РАБОТНА СРЕДБА, НА КОЈА УЧЕСТВУВАА Г-ЃА МИХАЕЛА ВЕСЕЛИНОВ - АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО БЕЛГРАД, М-Р САМУИЛ КАПЕТАНОВСКИ - РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАБОТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, М-Р ЗЛАТКО ЈОВАНОВ - ДИРЕКТОР НА ООМБУ ЛАЗО МИЦЕВ-РАЛЕ, Г-Н МИЛИВОЈ ГРЧИЌ -ДИРЕКТОР НА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА ВО КОВИН, Г-ЦА ВИОЛЕТА ОЦОКОЛИЌ - СОВЕТНИЧКА ПРИ ОПШТИНА КОВИН. НА ОВАА СРЕДБА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО СВОИТЕ ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ - ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА КОИ ЌЕ СЕ ОДРЖАТ ВО ОПШТИНА КОВИН, СО ПОДРШКА НА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО БЕЛГРАД, ОПШТИНА КОВИН И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

МИТРОПОЛИТОТ ПОВАРДАРСКИ Г. АГАТАНГЕЛ, ВО СОСЛУЖЕНИЕ НА БРОЈНО СВЕШТЕНСТВО, ОТСЛУЖИ СВЕТА БОЖЕСТВЕНА ЛИТУРГИЈА ВО ЦРКВАТА „СВ. ПЕТКА“ ВО КАВАДАРЦИ. ПО ЛИТУРГИЈАТА, МИТРОПОЛИТОТ И СВЕШТЕНИИЦИТЕ, ВО ПРИСУСТВО НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Г. МИТКО ЈАНЧЕВ, КАКО И НА ГОЛЕМ БРОЈ ЖИТЕЛИ НА ОВОЈ ГРАД, ИЗВРШИЈА ОСВЕТУВАЊЕ НА КАМЕН-ТЕМЕЛНИК ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ ЦРКОВНО-АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ ПРИ ЦРКВАТА „СВ. ПЕТКА“.







СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ, ВО СЕЛО СОПОТ. ОВИЕ СТОЛБЧИЊА СЕ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА.
СЛУЖБИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ПРОДОЛЖАТ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ИСТИТЕ СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНО И НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ.

СЕ ПОСТАВУВААТ НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ , СТОЛБОВИ И СООБРАЌАЈНИ ОГЛЕДАЛА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ. ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ 70 СТОЛБОВИ, 90 ЗНАЦИ, 10 СООБРАЌАЈНИ ОГЛЕДАЛА И 25 ПЛАСТИЧНИ СТОЛБЧИЊА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА БОЛТА ИНГ.






# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ИЗВРШИ ПРВОТО, ОД ТРИТЕ ПРЕДВИДЕНИ АВИОНСКИ ПРСКАЊА ПРОТИВ КОМАРЦИ ЗА ОВАА ГОДИНА.
БЕШЕ ОПФАТЕНА ПОВРШИНА ОД 850 ХЕКТАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ НА ТЕНДЕРОТ Е ФИРМАТА БОНИЕР ОД КУМАНОВО.

ВО ПРЕСРЕТ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 80 ГОДИНИ ОД СТРЕЛАЊЕТО НА 12-ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ, ВО ДОМ НА КУЛТУРА ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ СЕ ОДРЖА ПРОМОЦИЈА НА КНИГА МЕМОАРИ- СЕЌАВАЊА.
ТРУДОТ МЕМОАРИ –СЕЌАВАЊА Е ПОСЕБНО ИЗДАНИЕ ПО ПОВОД 80 ГОДИШНИНАТА ОД ГРОЗОМОРНИОТ ЧИН НА 12- ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ.
ОВАА КНИГА ПРЕТСТАВУВА ВСУШНОСТ ДОКУМЕНТ ЗА ТОА ШТО СЕ СЛУЧУВАЛО ТОЈ КОБЕН ДЕН НА 16ТИ ЈУНИ 1943 ВО ВАТАША,ОДНОСНО ЕДЕН ВИД РЕКОНСТРУКЦИЈА НА НАСТАНИТЕ ПРЕД И ПОСЛЕ ВРЗ ОСНОВА НА СВЕДОШТВА НА БЛИСКИ РОДНИНИ ,ДРУГАРИ, СОПАРТИЈЦИ.
ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ВИНСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ, МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ, И СЕКАКО ДО РЕЦЕНЗЕНТИТЕ ПРОФ. Д-Р НАТАША КОТЛАР ТРАЈКОВА И М-Р МАРЈАН ГИЈОВСКИ КАКО И ДО М-Р АЛЕКСАНДАР ЈОРДАНОВСКИ –ПРОМОТОР И ЛЕКТОР НА ОВА СПЕЦИЈАЛНО ИЗДАНИЕ.





# 12-ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ

ВО ДОМ НА КУЛТУРА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ", СЕ ОДРЖА СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ПО ПОВОД 80 ГОДИНИ НАВРШУВАЊЕ ОД ЗЛОКОБНИОТ 16 ЈУНИ КОГА ОД СТРАНА НА БУГАРСКИОТ ФАШИСТИЧКИ ОКУПАТОР, БЕШЕ ИЗВРШЕН ВАТАШКИОТ МАСАКАР, НАЈГОЛЕМОТО ЗЛОСТОРСТВО ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА.
НА НАСТАНОТ БЕА ПРИСУТНИ ГОЛЕМ БРОЈ НА ГОСТИ, КАКО И СЕМЕЈСТВАТА НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ, СО КОЈ И ГО НАЈАВИВМЕ УТРЕШНОТО ЧЕСТВУВАЊЕ НА 80 ГОДИНИ ОД СТРЕЛАЊЕТО, КОЕ ЌЕ БИДЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ. НАСТАНОТ БЕШЕ ЗАТВОРЕН СО МАЕСТРАЛНАТА ИЗВЕДБА НА „МИ ЗАПЛАКАЛО СЕЛОТО ВАТАША" И „ЦВЕТОВИ" ОД СЛАВКО ЈАНЕВСКИ ОД СТРАНА НА ИГОР ЏАМБАЗОВ, АНДРИЈАНА ЈАНЕВСКА И КАТЕРИНА ТАНЕВА. СИТЕ ОНИЕ КОИ ЈА ЦЕНАТ СЛОБОДАТА НА СВОЈОТ НАРОД ЗНААТ ШТО НАПРАВИЛЕ МЛАДИНЦИТЕ ОД ВАТАША, НО И МНОГУ ДРУГИ КОИ ГИ ДАДОА СВОИТЕ ЖИВОТИ ЗА ВАТАША, КАВАДАРЦИ, ТИКВЕШИЈАТА, МАКЕДОНИЈА. ЗАТОА ШТО НЕМА НИШТО ПОСВЕТО ОД СЛОБОДАТА НА СВОЈАТА ТАТКОВИНА. НЕКА ИМ Е ВЕЧНА СЛАВАТА. НИКОГАШ ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ!



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 80 ГОДИНИ ОД СТРЕЛАЊЕТО НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ. ОТВОРЕНА СПОМЕН СОБА ВО НИВНА ЧЕСТ, ОТКРИЕНИ 12 БИСТИ И ПРИГОДНА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКА ПРОГРАМА.
ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ! ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ!СЛАВА ИМ!



ВО ПРЕДВЕЧЕРИЕТО НА НАЈГОЛЕМИОТ МАСАКР ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА, КОГА СВИРЕПО БЕА СТРЕЛАНИ 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ, ЖИТЕЛИТЕ НА СЕЛОТО ВАТАША ВЕЧЕРВА СО ПРИГОДНА ПРОГРАМА ЌЕ ИМ ОДДАДАТ ДОСТОЈНА ПОЧИТ НА МЛАДИТЕ ЖИВОТИ КОИ ГО ДАДОА СВОЈОТ ЖИВОТ ЗА ТАТКОВИНАТА. ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ...
ДА НЕМА ВАКОВ НАСТАН... ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ!





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА С.РАЕЦ СЕ ПОПЛОЧИЈА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ СО ПОВРШИНА ОД 800 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





СЕ ПРОДОЛЖУВА СО МУЛЧИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА КОН СОПОТ, МАРЕНА И НЕГОТИНО.  ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ И КОН СЕЛАТА ДРЕНОВО, РЕСАВА, ДАБНИШТЕ И ШИВЕЦ.

СЛУЖБИТЕ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ПРОДОЛЖИЈА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА УЛ.БРУШАНСКА. ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА Е СО ЦЕЛ ДА СЕ СПРЕЧИ ПОПЛАВУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ГОЛЕМИ ВРНЕЖИ НА ДОЖД.





СЕ ПОСТАВУВА НОВА ТАРТАН ПОДЛОГА НА НОВОТО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК. ОВА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ЗАЕДНО СО МОТОРИЧКО ГИМНАСТИЧКИОТ ПАРК Е ОДЛИЧНО НАДОПОЛНУВАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК.

ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С.МАРЕНА. ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРА ПРЕКУ ГРАНТ ОД КФВ БАНКА. СЕ ПОСТАВУВААТ БЕТОНСКИ ЦЕВКИ Ф600 И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф 300 ВО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ОБНОВУВАЊЕ НА ДРВОРЕДОТ НА УЛ. 7-МИ СЕПТЕМВРИ, СО САДНИЦИ ОД ВИДОТ ACER SACCHARU- ШЕЌЕРЕН ЈАВОР.
САДНИЦИТЕ СЕ САКСИСКО ПРОИЗВОДСТВО, А НА ИСТИТЕ ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ СЕ ПОСТАВИ И ПОЕДИНЕЧЕН СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО САНАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ И ПОЛСКИ ПАТИШТА, ДЕНЕС ВО АТАРОТ НА СЕЛО РАЕЦ
ОВАА АКЦИЈА ЌЕ СЕ ОДВИВА И ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД.

ВО РЕСТОРАН МОКЛИШТЕ, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАНЕВРОПСКА УНИЈА НА МАКЕДОНИЈА, СЕ ОДРЖА КАФЕ ДЕБАТА НА ТЕМА „ЕВРОПЕИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ДАЛИ СМЕ НА ДОБАР ПАТ?"
НА ИСТАТА ГОВОРНИЦИ БЕА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ПАНЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА Г-ДИН АНДРЕЈ ЛЕПАВЦОВ, МАРЈАН ЃОРЧЕВ АМБАСАДОР И ПОРАНЕШЕН МИНИСТЕР, ЕМИЛ ДИМИТРИЕВ ПОРАНЕШЕН ПРЕМИЕР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПЕТАР ПОП АРСОВ, АМБАСАДОР НА ПАНЕВРОПСКА УНИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ЗОРАН ЈОВАНЧЕВ ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.
ПОКРАЈ НИВ УЧЕСНИЦИ БЕА И СОВЕТНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ДИРЕКТОРИ НА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ, НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ КАКО И ЛИЦА ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ НА УВИД НА ТЕРЕН ЗАЕДНО СО МОЈ ОПШТИНАР И ЈП КОМУНАЛЕЦ.
БЕА ПОСЕТЕНИ НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ КАДЕ МОМЕНТАЛНО СЕ РАБОТИ.
- НА КОЛЕКТОРОТ КОЈ БЕШЕ ОШТЕТЕН ОД НЕВРЕМЕТО, СЕ ИЗВРШИ КОМПЛЕТНА ЗАМЕНА НА НОВИ ЦЕВКИ ВО ДОЛЖИНА ОД 150 МЕТРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ НА УВИД НА ТЕРЕН ЗАЕДНО СО МОЈ ОПШТИНАР И ЈП КОМУНАЛЕЦ. БЕА ПОСЕТЕНИ НЕКОЛКУ 9Б УЛОКАЦИИ КАДЕ МОМЕНТАЛНО СЕ РАБОТИ. - НА УЛИЦА КИРО СПАНЏОВ СЕ ВРШИ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО ЦЕВКИ Ф400 СО ДОЛЖИНА ОД 400 МЕТРИ. ВО ВТОРА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ.





УБАВИТЕ РАБОТИ НОСАТ СРЕЌА!
НОВ ТУРИСТИЧКИ ВОЗ НИЗ УЛИЦИТЕ НА КАВАДАРЦИ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРВ ЈА ИМАШЕ ЧЕСТА, ОД КАВАДАРЦИ ДО МОКЛИШТЕ, ДА ГО ВОЗИ ОВОЈ ВОЗ КОЈ ПРЕДИЗВИКУВА НАСМЕВКИ.
ПО СИМБОЛИЧНА ЦЕНА, ДЕЧИЊАТА ЌЕ ИМААТ МОЖНОСТ ДА СЕ ВОЗАТ ДО ВАТАША И МОКЛИШТЕ И НАЗАД ДО КАВАДАРЦИ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ЗАЕДНО СО СЛУЖБИТЕ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР БЕШЕ НА УВИД НА ПОРОЈНИЦИ НА УЛ.КИРО АРСОВ, РИСТО ЃОНДЕВ, НА ИЗЛЕЗОТ ОД С.ВАТАША И МОСТОТ ВО ВАТАША. СЛЕДУВА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИОТ ТАЛОЖНИК, И ЌЕ СЕ ИЗГОТВАТ ПРОЕКТИ ЗА ЧЕТИРИТЕ ЛОКАЦИИ КОИ ЌЕ БИДАТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛЕН ТАЛОЖНИК И ИЗРАБОТКА НА БЕТОНСКИ КАНАЛ, КАКО И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗАЕДНО СО НЕКОЛКУ СЛИВНИЦИ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОСЛЕ НАПРАВЕНАТА РЕКОНСТРУКЦИЈА ВО ДЕЛОТ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД, КАДЕ ДЕЛ ОД ПОСТОЕЧКИТЕ СВЕТИЛКИ БЕА ПРОМЕНЕТИ СО НОВИ, СО ШТО ОСТАНАА ФУНКЦИОНАЛНИ 110 БРОЈА СВЕТИЛКИ ОД 80, 90 И 100W. ОВИЕ ПРЕОСТАНАТИ СВЕТИЛКИ ВО СОРАБОТКА СО С.О.У „ЌИРО СПАНЏОВ БРКО" И СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЌЕ БИДАТ ПРЕАДАПТИРАНИ ВО 220 БРОЈА СВЕТИЛКИ ОД 30 И 60W.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УШТЕ ЕДНАШ, СО ОВА ПОКАЖА ДЕКА СО ДОМАЌИНСКО РАБОТЕЊЕ И СО НЕЗНАЧИТЕЛНИ СРЕДСТВА СЕПАК, МОЖЕ ДА ПРОИЗЛЕЗЕ БЕНЕФИТ КОЈ ШТО ЌЕ ГО КОРИСТАТ ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



СЕ ЗАПОЧНА СО ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. БРАЌА МИЛАДИНОВИ СО ДОЛЖИНА ОД 30 МЕТРИ. ПОТПОРНИОТ ЅИД СЕ ГРАДИ СЕ СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИИТЕ И ИЗГРАДБА НА НОВ ТРОТОАР. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

42. ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ГРАДСКИ ПАРК, КОЕ Е ДОПОЛНЕТО И СО МИНИ ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ. ИСТОТО СЕ БЕТОНИРАШЕ ПО ШТО СЕ ПОСТАВИ ЛИЕНА ПОДЛОГА НА КОЈА СЕ МОНТИРАА ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, ОГРАДИ И НОВА УРБАНА ОПРЕМА ЗА НАЈМЛАДИТЕ!



ЗАПОЧНА ЧЕТВРТОТО ИЗДАНИЕ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО!

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ДОМ НА КУЛТУРА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ", ПОДГОТВИ БОГАТА ПРОГРАМА ЗА ЦЕЛО ЛЕТО, КОЈА СО СИГУРНОСТ ЌЕ ГО ЗАДРЖИ ВАШЕТО ВНИМАНИЕ.

ВЕ ОЧЕКУВААТ ДЕНОВИ ИСПОЛНЕТИ СО МНОГУ ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ, ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ, ФИЛМСКИ ПРОЕКЦИИ, СТРИТ БАСКЕТ НАТПРЕВАР, КОНЦЕРТИ,ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ, ИЗЛОЖБИ И МНОГУ ЗАБАВНИ ИГРИ И НАСТАНИ ЗА СИТЕ ВОЗРАСТИ!

А ВЕЧЕРВА ГРАЃАНИТЕ УЖИВАА ВО КОНЦЕРТОТ НА ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ ТИКВЕШ ПОД НАСЛОВ ЈУБИЛЕЈНИ „70 ГОДИНИ ФОЛКЛОРНА ДЕЈНОСТ". КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!



ПО ПОВОД 5 ЈУНИ - СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО ЕКОЛОШКОТО ДРУШТВО ЕКО ЖИВОТ ОРГАНИЗИРАШЕ ЗАЕДНИЧКА АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ И

СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД. АКЦИЈАТА СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ НА ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА МОКЛИШТЕ КАДЕ ШТО УЧЕСТВО ЗЕМАА ВРАБОТЕНИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВОЛОНТЕРИ ОД ЕКО ЖИВОТ ДА ЈА ПРОДОЛЖИМЕ ЗАЕДНИЧКАТА ГРИЖА ЗА ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА!



СПОМЕН КУЌАТА НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР ВО СЕЛО ВАТАША Е СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА ЗАШТИТЕНА СО ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА. ОД 1958 Г. Е ПРОГЛАСЕНА ЗА МЕМОРИЈАЛЕН СПОМЕН МУЗЕЈ. ИСТАТА Е РЕНОВИРАНА ВО 1976 Г, ЗА ОФИЦИЈАЛНО ДА БИДЕ ОТВОРЕНА ЗА ПОСЕТИТЕЛИ ВО 1977Г. ОД ТОГАШ ПА СЀ ДО ДЕНЕС СЕ НА ПРАВЕНИ НЕКОЛКУ ЗАШТИТНИ ИНТЕРВЕНЦИИ, ПРИ ШТО СЕКОГАШ СЕ НАСТОЈУВАЛО ДА СЕ ЗАЧУВА АВТЕНТИЧНИОТ ИЗГЛЕД НА КУЌАТА. ВО СПОМЕН КУЌАТА ИМА ПОСТОЈАНА ИСТОРИСКА – ТЕМАТСКА ПОСТАВКА ПОСВЕТЕНА НА ЖИВОТНИОТ ПАТ И РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДЕЛО НА ОВОЈ НАШ ИСТАКНАТ БОРЕЦ И РЕВОЛУЦИОНЕР. ИМА ЗБИРКА НА ФОТОГРАФИИ, ДОКУМЕНТИ, ДОПИСНИ КАРТИЧКИ, СКИЦИ И ЦРТЕЖИ КОИ СТРАШО ПИНЏУР ГИ НАПРАВИЛ ЗА ВРЕМЕ НА СВОЕТО ШКОЛУВАЊЕ. ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ЗБОГАТУВАЊЕ НА ПРОМОЦИЈА, ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АФИРМАЦИЈА НА ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР, СПОМЕН КУЌАТА НА РЕВОЛУЦИОНЕРОТ КОИ СЕ БОРЕШЕ ЗА СЛОБОДНА И НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА ЌЕ РАБОТИ СЕКОЈ РАБОТЕН ДЕН ОД 09 ЧАСОТ ДО 16 ЧАСОТ. ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ПОСЕТИ И ВО ВИКЕНД ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ ЌЕ ОРГАНИЗИРА ИСТОРИСКИ ЧАС ЗА ПОСЕТИТЕЛИ, ТУРИСТИ И СЛ. СО ПРЕТХОДНА НАЈАВА НА ТЕЛЕФОНСКИОТ БРОЈ: 043/413-470 ИЛИ 070/265-602.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ, ИМАА СРЕДБА СО МАЈКЛ ГЕОРГИЕВСКИ, УЧЕНИК КОЈ ИМА КОНТИНУИРАН УСПЕХ ВО ОБЛАСТА НА ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИТЕ НАУКИ, ПРИДРУЖУВАН ОД ДИРЕКТОРКАТА НА СОУ ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" ЈАСМИНКА ЧУЛЕВА. ПОВОД НА СРЕДБАТА БЕШЕ ОСВОЕНОТО ПРВО МЕСТО НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА КОЈ СЕ ОДРЖА НА 29.04.2023 ГОДИНА НА ПМФ- ФИЗИКА ВО СКОПЈЕ.МАЈКЛ ГЕОРГИЕВСКИ КОНТИНУИРАНО СЕКОЈА ГОДИНА ОСВОЈУВА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА, ПРОДОЛЖУВА ДА СЕ ИСТАКНУВА СО СВОИТЕ ЗНАЕЊА, А НЕГОВИТЕ УСПЕСИ ТОА ГО ПОТВРДУВААТ И СЕКАКО НАШИОТ ГРАД, А И ГИМНАЗИЈАТА ИМААТ СО ШТО ДА СЕ ГОРДЕАТ.ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ ЈА ИЗРАЗИЈА НИВНАТА ПОДДРШКА И ГОРДОСТ И ВО ЗНАК НА ТОА МУ ДОДЕЛИЈА ПЛАКЕТА ЗА КОНТИНУИРАН УСПЕХ ВО ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИТЕ НАУКИ! СРЕЌНО МАЈКЛ И УШТЕ ПОГОЛЕМИ УСПЕСИ ВО ИДНИНА!





# СПОРТ

НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД ИМАШЕ МАСОВНА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАРАДА СО ВОЗЕЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ НИЗ УЛИЦИТЕ НА ГРАДОТ, СЕ ДО НОВО ИЗГРАДЕНАТА ПАМ ТРАК ПАТЕКА!
ПРОМОЦИЈА НА ПАМ ТРАК ПАТЕКАТА, ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШНИ СПОРТОВИ, СО ГОЛЕМ БРОЈ НА ВЕЛОСИПЕДИСТИ И УЧЕНИЦИ ПРИДРУЖУВАНИ ОД НИВНИТЕ НАСТАВНИЦИ ПО ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ.
ЗА ОНИЕ КОИ УЖИВААТ ВО ВОЗЕЊЕТО НА ВЕЛОСИПЕДИ, СКЕЈТБОРДИ, РОЛШУИ И СКУТЕРИ!
КАВАДАРЦИ СЕ ГРИЖИ ЗА МЛАДИТЕ!









ТРЕТА ГОДИНА ПО РЕД, БЕСПЛАТНА ШКОЛА ЗА ПЛИВАЊЕ!
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО СОЈУЗ НА СПОРТОВИ И ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ И ОВАА ГОДИНА ПРОДОЛЖУВА СО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ШКОЛА ЗА ПЛИВАЊЕ ЗА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 7 ДО 10 ГОДИНИ. ШКОЛАТА ЗАПОЧНА СО ОБУКА ВО ПЕТОК НА 23.06., ЗАЕДНО СО ОТВОРАЊЕТО НА ГРАДСКИОТ БАЗЕН.



# СПОРТ

НА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЕДНОГЛАСНО БЕШЕ ИЗГЛАСАНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ИЗНОС ОД 1 000 000,00 ДЕНАРИ ЗА РАКОМЕТНИОТ КЛУБ ГРК ТИКВЕШ 2014, КАКО НАГРАДА И ПОДДРШКА ЗА СИТЕ ДОСЕГАШНИ УСПЕСИ, И СЕКАКО ПОТТИК ЗА ИДНИТЕ КОИ ЌЕ БИДАТ ДЕЛ ОД ПЛАСМАНОТ НА ГРК ТИКВЕШ 2014 ВО ЕВРОПСКИОТ ЧЕЛИНЏ КУП 2023/2024.ПОКРАЈ ТОА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ИМ ДОДЕЛИЈА И БЛАГОДАРНИЦИ НА РАКОМЕТАРИТЕ, СТРУЧНИОТ ТИМ, УПРАВНИОТ И НАДЗОРНИОТ ОДБОР. ГОРДИ СМЕ НА ВАС, ГОРДО КАВАДАРЦИ!









НАЈДОБРОТО ЗА НАЈМЛАДИТЕ! ВО ТЕК Е ПОСТАВУВАЊЕ НА ТРЕВА НА МИНИ ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ КОЕ Е ВО СКЛОП НА ГИМНАСТИЧКО-МОТОРИЧКИОТ ПАРК ВО БЛИЗИНА НА ВИНСКИОТ МУЗЕЈ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК. ОВА КАТЧЕ КОЕ НУДИ ЗАБАВНА И РЕКРЕАТИВНА СОДРЖИНА Е ОДЛИЧНО МЕСТО ЗА НАЈМЛАДИТЕ.





# КУЛТУРНО ЛЕТО

ЗАПОЧНА КАВАДАРЕЧКОТО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023.
ПОД МОТОТО „МОЕ КАВАДАРЦИ" 40 ДЕНА РАЗЛИЧНИ СОДРЖИНИ ЗА СИТЕ ВКУСОВИ И СИТЕ ВОЗРАСТИ.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ДОМ НА КУЛТУРА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ", ПОДГОТВИ БОГАТА ПРОГРАМА ЗА ЦЕЛО ЛЕТО, КОЈА СО СИГУРНОСТ ЌЕ ГО ЗАДРЖИ ВАШЕТО ВНИМАНИЕ.
ВЕ ОЧЕКУВААТ ДЕНОВИ ИСПОЛНЕТИ СО МНОГУ ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ, ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ, ФИЛМСКИ ПРОЕКЦИИ, СТРИТ БАСКЕТ НАТПРЕВАР, КОНЦЕРТИ,ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ, ИЗЛОЖБИ И МНОГУ ЗАБАВНИ ИГРИ И НАСТАНИ ЗА СИТЕ ВОЗРАСТИ!
КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО СЕ ОТВОРИ СО ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ ТИКВЕШ ПОД НАСЛОВ ЈУБИЛЕЈНИ „70 ГОДИНИ ФОЛКЛОРНА ДЕЈНОСТ".
ВО ДОМ НА КУЛТУРА СЕ ОДИГРА ПРЕТСТАВАТА „ОДАМ НА ЛОВ„ А НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ИМ ПРУЖИВМЕ НЕЗАБОРАВНА ВЕЧЕР НА НАЈМЛАДИТЕ И НАЈМИЛИТЕ СО БАБИНИ ИГРИ.
ЗАТОА ШТО ДЕТСКАТА НАСМЕВКА Е НАЈГОЛЕМОТО БОГАТСТВО, А НА НЕА НЕ МОЖЕ ДА И ОДОЛЕЕ НИТУ ЕДЕН ЧОВЕК ВО СВЕТОТ.
КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО ПРОДОЛЖУВА И ВО МЕСЕЦИТЕ ЈУЛИ И АВГУСТ.













sinetta



# ТППЕ

ТИМОТ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ КОЈ БЕШЕ НА ОБУКА ВО МАРИБОР,Р.СЛОВЕНИЈА СЛЕДЕА ПРЕДАВАЊА И ПРАВЕЊЕ ВЕЖБИ ОД ПОВЕЌЕ ОБЛАСТИ, СО РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА ТЕМА:
ОСНОВНИ СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ НЕЗГОДИ.
• ПРЕЗЕНТИРАН Е ОСНОВНИОТ ТАКТИЧКИ ПРИСТАП КОН СООБРАЌАЈНИТЕ НЕЗГОДИ НА ЛЕСНИ ВОЗИЛА ВО СИТЕ ТРИ ПОЗИЦИИ (НА ТРКАЛАТА, НА СТРАНА И НА ПОКРИВОТ).
ОПРЕМА ЗА ТЕХНИЧКО СПАСУВАЊЕ И СТАБИЛИЗАЦИЈА
• ПРЕТСТАВЕНА Е ОСНОВНАТА ОПРЕМА ЗА ТЕХНИЧКА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО СЛУЧАЈ НА СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА. ПРИКАЖАНА Е БРЗА И ФИНАЛНА СТАБИЛИЗАЦИЈА ЗА ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА.
• СПАСУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ НЕСРЕЌИ, ОСНОВНО
ПРИКАЖАНА Е УПОТРЕБАТА НА ОСНОВНА ОПРЕМА ЗА СПАСУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ НЕСРЕЌИ (ПЕРНИЦИ, ПОТПОРНИ ЕЛЕМЕНТИ). СЕ ИЗВЕДЕ ВЕЖБА ЗА СПАСУВАЊЕ ЛИЦЕ ОД ПОД ПАДНАТ ТОВАР. СЕ ИЗВЕДЕ МАЛА ВЕЖБА НА ПОТПОРНИ ОШТЕТЕНИ ОБЈЕКТИ И НАЧИН И ПРИСТАП НА СПАСУВАЊЕ НА ПОВРЕДЕНИ ЛИЦА ВО ПАТНИЧКИ ВАГОН.

ИМАА И ОБУКА НА ТЕМА: ОСНОВНИ ТАКТИКИ ЗА ОПАСНИ СУПСТАНЦИИ И ХЕМИСКИ СРЕДСТВА.
ПРЕЗЕНТИРАНА Е ПРОЦЕДУРАТА PIRS. ПРЕЗЕНТИРАНИ СЕ ОСНОВИТЕ НА РАБОТАТА НА ПОЖАРНИКАР ПРИ ИНТЕРВЕНЦИЈА СО Н.С.
· ОПРЕМА ЗА ОПАСНИ МАТЕРИИ
· ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА
· ОСНОВНА ОПРЕМА ЗА РАБОТА СО ОПАСНИ МАТЕРИИ
ПРЕТСТАВЕНА Е ОСНОВНАТА ОПРЕМА ЗА РАБОТА СО ОПАСНИ МАТЕРИИ. СЕ ПРИКАЖУВА ОПРЕМУВАЊЕТО СО СИТЕ 4 ТИПА НА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА НА NS. ПРЕТСТАВЕНА Е ОСНОВНАТА ОПРЕМА ЗА ЗАПТИВАЊЕ И ПУМПАЊЕ СО НС. (ИМПРОВИЗИРАНО ИСПУМПУВАЊЕ СО РАЧНА И ПНЕВМАТСКА ПУМПА).
· ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МАЛА КОМПЛЕКСНА ВЕЖБА СО ОПАСНИ МАТЕРИИ ОДНОСНО ИСТЕКУВАЊЕ НА МАЗУТ. СЕ КОРИСТАТ ВТОРО НИВО НА ЗАШТИТА, ИМПРОВИЗИРАНИ МЕТОДИ НА ЗАПЕЧАТУВАЊЕ, КАКО И РАБОТА СО РАЧНИ И ПНЕВМАТСКИ ПУМПИ.
ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕ НА ОБУКАТА НАШИТЕ ПОЖАРНИКАРИ ПОСЕТИЈА НЕКОЛКУ ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ДРУШТВА PGD RUŠE, PGD SMOLNIK, PGD MARIBOR-MESTO, PGD SELNICA КАДЕ ОД СТРАНА НА ДОМАЌИНИТЕ ИМ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАНА ОПРЕМАТА КАКО И НАЧИНОТ НА КОЈ ИНТЕРВЕНИРААТ И КОРДИНИРААТ СО ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ПОЖАРНИКАРИ ОД БРИГАДАТА.







Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**